**ЗАПИСНИК**
**од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.01.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата на беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено отсутен).**

**На седницата го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата м-р Драгица Љубевска овластено лице од д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Овластување бр.03-200/1 од 11.01.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Ивона Муфишева Алексовска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски нема да биде присутен на седницата, а отсуството го најавил по електронска пошта до него и до Стручната служба. На седницата ќе го заменува раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска. Во врска со предложениот дневен ред објасни дека под Точка Разно ќе има дискусија околу практичната имплементација на член 23 од најновите измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во таа насока објасни дека до членовите на Советот од негова страна е доставен Предлог-заклучок и во текот на денот со предлози за неговата содржина помогнале г-дин Фиданоски и раководителката м-р Драгица Љубевска и нивните предлози се вградени. Објасни дека Предлог-заклучокот за процедурата електронски е доставен до членовите на Советот и исто така поделен и во хартиена форма. По неговата содржина се планира дискусија и доколку мнозинството се согласни, а би сакал сите, ќе го донесат како заклучок. Посочи дека оваа седница е вонредна на барање на вработен, не е планирана, со цел да му се излезе во пресрет бидејќи вработениот бара точно на 31.01.2019 да му биде прекинат работниот однос во Агенцијата за вработување. Доколку седницата се одржеше во четврток како што планирале, одјавата ќе беше тешко остварлива бидејќи тоа ќе беше последниот ден.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2019 година.
2. Предлог за давање одобрување за склучување спогодба за раскинување на Договор за вработување, со Предлог–решение за престанување на важност на Договор за вработување и Предлог-спогодба.
3. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-записникот од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2019 година, информира дека ќе се одложи и ќе биде ставен на усвојување на продолжението на 4-та седница кое ќе се одржи пред почетокот на наредната. Објасни дека записникот од технички причини се одлага затоа што на 3-та седницата имаше обемна дискусија и при тоа се одржа во петокот, а вработените временски не можат да постигнат да го изработат.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената точка Предлог за давање одобрување за склучување спогодба за раскинување на Договор за вработување, објасни дека во материјалот се содржани лични податоци и ја замоли службата да го прекине преносот во живо на седницата кој на интернет се пренесува преку YouTube каналот.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска објасни дека на 24.01.2019 година вработениот поднесе Барање да му се раскине Договорот за вработување во Агенцијата со престанок на важност заклучно со 31.01.2019 година. Во таа насока доставен е Предлог за давање за одобрување да се потпише спогодбата за раскинување на Договорот и да се донесе решение за престанок на важност на овој договор.

Г-дин Петрушевски рече дека во врска со оваа точка Советот дискутирал на претходната седница доста обемно. Потсети дека за жал се остварила полошата варијанта што тогаш ја кажал како можност, дека некој од двајцата вработени ќе побара раскинување на работниот однос и тоа и се случи. Се изјасни дека го почитува барањето на вработениот и го квалификува како храбра постапка од негова страна, знаејќи ги неговите години дека е возрасен човек и дека е многу тешко на таа возраст да се најде работа. Му посака сѐ најдобро во животот и се надева дека до пензионирање ќе го реши проблемот со вработување заради неговата егзистенција. Жали што овој случај се заврши со ваков крај и рече дека неговата храбра одлука ќе ја поддржи.

Г-дин Фиданоски исто така рече дека жали што се дојде до ваква ситуација, особено што вработениот е со возраст многу близу до пензионирање. Се надева дека

ќе успее да си ги оствари законските права кои произлегуваат од остварување на право на пензија и му посака сè најдобро понатаму во животот.

Г-дин Фетаи рече дека како и на минатата седница така и сега ќе повтори дека го изразува неговото жалење за немилиот настан кој се случи во Агенцијата. Посочи дека денешната седница е по барање на вработениот и добро е што претседателот на Советот му излезе во пресрет. Претпостави дека вработениот самиот си ја оценил состојбата и целата ситуација која се случила. Се изјасни дека ќе го поддржи неговото барање и му посака здравје и успех во неговиот живот.

Г-дин Фиданоски рече дека неговото мислење е дека иако не изгледа убаво, но овој начин на разрешница на тој немил настан е веројатно најбрзиот, најефикасниот начин за спречување од понатамошни компликации во меѓучовечките односи во самата Агенција.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги м-р Драгица Љубевска согласно Овластувањето бр.03-200/1 од 11.01.2019 година да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за вработување со анексите и да го донесе Решението за престанување на важност на Договорот за вработување.

Договорот за вработување со анексите склучен помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и работникот спогодбено престанува да важи на ден 31.01.2019 година.

Се задолжи Секторот за правни работи да го одјави работникот пред Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување на Град Скопје, заклучно со 31.01.2019 година.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Петрушевски најави дека ќе отвори дискусија за која веќе дал вовед на почетокот на седницата. Објасни дека на претходната седница која се одржа во петокот, ниту тој ниту членовите на Советот не биле доволно подготвени за предложената процедура. Можеби службата отприлика ја имала веќе содржината зацртано, но реално имаше многу точки и добро е што се одложи за да може со помош на г-дин Фиданоски и раководителката Љубевска да го состави. За предложениот заклучок рече дека е едно солидно решение што прецизно ја кажува процедурата како ќе оди. Кажале дека кога Законот се донесе дека нема да носат подзаконски акти, но ќе се снаоѓаат додека се избере новиот Совет на Агенцијата. Заради неусогласеноста на новиот Закон и подзаконските акти ова е еден начин како да се реши надлежноста на Советот за изрекување мерки. Смета дека ова што сега е предложено е една добра процедура во која ќе бидат вклучени сите сектори како што беа и до сега, директорот како предлагач а на крај Советот ќе ги носи мерките. Тамо каде што Законот бара да се сослуша медиумот со изјава или да се повика, тоа ќе го почитуваат и во оваа процедура тоа е точно разјаснето.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе изрази задоволство за тоа што во најголем дел се прифатени неговите сугестии за конкретниот заклучок. Според него и според сите ова е привремено решение се додека не се донесе новото упатство, а до тогаш мора

да функционираат заради поефикасно работење. Не знае дали има потреба формално да се запише, но по аналогија смета дека овој заклучок треба да биде основа за секое идно користење и ќе нема потреба на претседателот на Советот да му даваат ингеренции да се потпишува. За сите идни вакви работи по автоматизам ќе има право во име на Советот да ги потпише и прати дописите до радиодифузерите, со што би се забрзала постапката која согласно новите законски одредби треба да се спроведе.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа што ќе го работи во име на Советот е техничка работа. Имено во Законот пишува дека Советот треба да побара од радиодифузерот да се изјасни и тоа е една техничка работа, потпис на документот што оди до радиодифузерот за да се изјасни. Додека вистинската одлука ја носи Советот по изјаснување на радиодифузерот. Посочи, кога за секој допис би носеле одлука тоа би било комплицирано, би одзело многу време и технички неефикасно.

Г-дин Фиданоски рече дека не знае што ќе одлучи новиот Совет, меѓутоа ваков начин на работа како што ја кажал г-дин Петрушевски би бил неефикасен, економски неисплатлив и проблематичен. На овој начин согласно предложената процедура економски ќе бидат поефикасни и верува дека ќе функционира. Во врска со рокот кој е даден во заклучокот смета дека е разумен рок да радиодифузерот даде писмено образложение зошто така постапил, доволно време да се подготви, пронајде и одговори а сепак да не биде предалеку за да се блокираат некои позиции кои се значајни за работењето на регулаторот и нему како радиодифузер.

Г-дин Петрушевски го стави на усвојување заклучокот кој беше пратен по електронска пошта како последна верзија до сите членови на Советот и кој беше отпечатен во хартија за секој посебно.

Советот на Агенцијата во врска со практичната имплементација на член 23 од измените на Законот едногласно го усвои следниот Заклучок:

- Пред изрекување на мерка јавна опомена за издавач на медиум Советот на Агенцијата со допис ќе побара од издавачот да се изјасни во писмена форма за стореното непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗААВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.
- Дописот од точка 1 од овој заклучок ќе го подготви Секторот за правни работи врз основа на извршен надзор од Стручната служба, предлог за изрекување мерка јавна опомена од Директорот на Агенцијата, и во име на Советот ќе го потпише Претседателот на Советот.
- Издавачот на медиумот има рок за изјаснување од 7 (седум) работни денови од денот на прием на дописот.
- Предлогот за јавна опомена и писменото изјаснување од издавачот на медиумот се разгледува на седница на Советот на Агенцијата кога се носи конкретната одлука.
- Предлог мерките за давателите на аудиовизуелни услуги по барање или операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кој реемитуваат програмски сервиси Советот ги разгледува на седница без писмено изјаснување од нив.

- Доколку при извршен надзор на издавач на медиум, давател на аудиовизуелни услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој реемитува програмски сервиси не се констатирани прекршувања Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот доставува информација до Советот по електронски пат.
- По донесена одлука на Советот роковите за усогласување на работењето издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни услуги по барање или операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси се преземаат од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерки со бр.01-6039 /1 од 20.10.2015 година.

**Бр. 02-384/4**
**04.02.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**